РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-1756/2
10-09-2021

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од познат подносител, на продолжението на 51-вата седница одржана на ден 01.09.2021 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-1756/1 од 04.05.2021 година, поднесена преку веб платформата за пријавување на корупција, а од страна на познат подносител - ----------------, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност – јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања, во предметот со број 12-1756 од 2021 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 1756/1 од 04.05.2021 година.

Предметот со број 12-1756 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

Образложение

Предметот со број 12-1756 од 2021 година е оформен врз основа на пријава со бр. 12-1756/1 од 04.05.2021 година, од познат подносител - ---------, која е поднесена електронски преку веб порталот на ДКСК.

Во пријавата се наведени напомени, а во врска со ---------------------------------------------------------, дека, како што се вели во пријавата ,,злоупотребил државни средства за време на работното време за партиски активности", без притоа да бидат наведени конкретни укажувања или докази.

Врз основа на сите околности и на податоците кои се содржани во предметната пријава Државната комисија за спречување на корупцијата, од аспект на надлежностите на Државната

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

комисија за спречување на корупцијата во предметната пријава утврди дека нема елементи на надлежно постапување.

Од причини, како е погоре наведено, Државната комисија оцени дека пријавата не содржи елементи за надлежно постапување на Државната комисија согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

Доставено до
-Архива
- подносителот

Изработил: м-р К.З., Советник
Одобрил: м-р Ш.С., Член на ДКСК